# Посебни услови за комбинирано осигурување на станови или куќи со предмети во домаќинство и членови на семејство

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје со седиште на Бул.Илинден број 1, 1000 Скопје,тел.број 02 3288 800, факс 02 3215 128,www.sigal.com.mk
Овие услови се донесени на редовна седница на Управен одбор одржана на 16.03.2026 година и ссе применуваат од 01.04.2026

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

### Подрачје на примена

Овие Услови се применуваат исклучиво за осигурување на населени/не населени станови или куќи со ствари во нив (покуќнина) на територија на Р. Македонија.

### Член 2

### Предмет на осигурување

Предмет на осигурување според овие Услови се индивидуални станови или куќи за живеење, од масивна градба со ствари во нив (покуќнина).
Не населени станови се сметаат оние објекти кои, во текот на една година, имаат прекин во станување подолг од два месеци континуирано.

### Член 3

Според овие Услови предмет на осигурување можат да бидат и помошни објекти и гаражи ако се лоцирани во дворот на осигураниот објект.
Предмет на осигурување може да биде подрум или таван, кои припаѓаат на осигураниот стан ако припаѓаат на осигураниот објект
Кај градежниот објект (стан или куќа) осигурани се сите делови на градежниот објект, сите вградени инсталации и опрема (бојлери, парно греење, санитарни уреди и сл.).
Пооделни делови на објектот (кров, скалила, подрум) не можат поединечно да се осигураат. Мора да се осигура вредноста на целиот објект.

### Член 4

Предметите во домаќинството претставуваат подвижни стварите на домаќинството кои се наоѓаат во осигурениот станбен објект, му служат и се во сопственост на осигуреникот или членовите на неговото семејно домаќинство.
Во ствари на домаќинството се сметаат:
(а) стварите кои служат за уредување на станот; (б) стварите за лична употреба. Доколку посебно е договорено со ова осигурување може да бидат опфатени и:
(а) готови пари;
(б) уметнички предмети;
(в) хартии од вредност;
(г) скапоцености и збирки.
(д) професионални музички инструменти и сл.
Готовите пари се осигурени само од опасност од провална кражба и разбојништво за време додека се наоѓаат во заклучени вѕидани сефови, каси и сл.
Уметнички и антички предмети, разни збирки како и предмети од благородни метали можат да се осигураат на вистинска вредност под услов секоја ствар таксативно да се наведе поединечно врз основа на проценка од страна на вештак. Овие предмети можат да се осигураат исклучиво само во населени станови или куќи.

### Член 5

### По овие Услови предмет на осигурување не можат да бидат:

1. Објекти за живеење:
• Од слаба градба и мешовите градба
• Не одржувани ( разрушена-оштетена фасада, не заштитена столарија влага во внатрешноста на објектот)
• Без темели
• Не населени станови можат да се осигураат само од основни ризици Член 6 точка 1 од овие Услови, дополнителни ризици може да вклучат само со одобрение од Управниот одбор на СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје .
2. Помошни објекти
• Прилагодени за живеење
• Кои се користат за земјоделски или други стопански активноси паѓање на воздушни летала; излевање на вода од водоводни и канализациони инсталации и уреди и •
• Камп куќи, стакленици, пластеници и слични објекти
• Кои немаат темели
3. Сите видови на оружје
4. Списи и документи
5. Предмети за обавување на разни занаетчиски или други активности
6. ТВ и други антени надвор од затворени простории (во случај на олуја, град, кражба - доколку не е во прашање провална кражба и разбојништво
7. Животни
8. Друмски моторни возила, велосипеди со помошен мотор, приколици, самодни машини како и нивни резервни делови
9. Готови пари и хартии од вредност, скапоцени камења, благородни метали, вистински бисери, уметнички и антички предмети и разни збирки можат да бидат предмет на осигурување со предходно одобрување од Управниот одбор на СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје .

### Член 6

### Осигурани ризици

Осигурувањето покрива, во обем утврден со овие Услови, уништување, оштетување на осигураните ствари со остварување на следните ризици.
1. Основни ризици:
• Пожар
• Удар од гром
• Експлозија
• Олуја
• Град
• Удар од сопствено моторно возило (во осигуран објект)
• Паѓање на воздушно летало,
• Манифестации и демонстрации
2. Дополнителни ризици:
• Изливање на вода од внатрешни инсталации
• Кршење на инсталации
• Провална кражба и разбојништво
• Кршење стакло
• Земјотрес
• Лизгање и одронување на земјиште.
3. Изборни ризици:
• Откуп на амортизирана вредност за објектот
• Осигурување на членовите на семејството од приватна одговорност
• Осигурување на членови на семејството од последици на несреќен случај
Во смисла на овие Услови, со осигурувањето се опфатени и:
1. Штети од уништување или оштетување на осигурани ствари настанати при спасување (рушење, изнесување, укажување на помош и сл.) поради настанување на осигуран случај, најмногу до 0,3% од сумата на осигурување од осигурана опасност по која настанал осигуран случај, според Член 40 од овие Услови.
2. Трошоци настанати при расчистување и рушење во врска со настанатиот осигуран случај, најмногу до 0,3% од сумата на осигурување, од осигураната опасност по која настанал осигураниот случај, од Член 40 од овие Услови, само доколку вкупната штета не ја надминува сумата на осигурување.
Осигурувањето покрива само не посредни штети на осигураните ствари а не и посредни штети или загуби поради настанување на осигуран случај (загуба на закупнина, намалување на вредноста и сл.).
о согласност со овие Услови, на осигуреникот ќе му биде исплатена и надокната за нужно сместување доколку откупи најмалку 2 дополнителни ризици од Член 6 точка 2.
Со осигурувањето не се опфатени штети настанати поради:

• Тероризам, поставување и фрлање на било каква експлозивна направа (бомба и сл.), војна, граѓанска војна, загадување и контаминација.

**Член 7**

Траење на осигурувањето Согласно овие Услови, осигурувањето започнува со истек на 24 часот на денот кој во полисата е назначен како почеток на осигурувањето а престанува да важи со истекот на 24 часот на денот кој во полиста е означен како истек на осигурувањето. Обврската на осигурувачот да исплати надокнада по осигурувањето почнува по истекот на 24 часот на денот кој во полисата е назначен за почеток на осигурувањето, доколку до тој ден е уплатена премијата за осигурување, односно првата рата од премијата.

**Член 8**

**Склучување на договор за осигурување**

**Дел 1**

(1) класична продажба (Договорот за осигурување во случај на класична продажба на полиси е склучен кога осигурувачот и договарачот ќе ја потпишат своерачно полисата/понудата за осигурување)

1.За склучување на договор за осигурување помеѓу осигурувачот и договорувачот на осигурувањето се применуваат одредбите од Општите Услови за осигурување на имот, освен доколку со овие Услови не е поинаку договорено.

Договор за осигурување може да се заклучи врз основа на усмена или писмена понуда од договорувачот пласирана до осигурувачот.

Доколку договорот за осигурување се заклучува врз основа на писмена понуда и осигурувачот истата не ја одбие во рок од 8 (осум) дена од денот кога понудата ја добил осигурувачот, ќе се смета дека понудата ја прифатил и дека договорот за осигурување е склучен кога понудувачот/договорувачот ја потпишал понудата за осигурување.

Потписот на понудувачот/договорувачот на понудата за осигурување ќе се смета за потпис на полисата.

(2) интернет продажба (продажба на осигурување преку услуги на информатичко општество што се обезбедуваат за надомест-премија на далечина без истовремено присуство на договорните страни,со користење на електронски средства и на лично барање на договарачот на осигурување или осигуреникот).

1.Во случај на интернет продажба на осигурување, договарачот на осигурување односно осигуреникот со користење на електронски средства обезбедени од страна на осигурувачот сам ги внесува сите потребни податоци за изработка на полисата за осигурување,врз основа на што добива информативна понуда од осигурувачот.Доколку осигуреникот односно договарачот ја прифака понудата ,истото преку електронските средства го потврдува и ги прифака понудените премии и услови за осигурување.

2.Со користење на електронските средства обезбедени од страна на осигурувачот, договарачот на осигурувањето односно осигуреникот врши плаќање на премијата за осигурување со платежна картичка.

3. Откако ке се изврши плаќањето на премијата, договарачот на осигурувањето односно осигуреникот на валидна и точна е-маил адреса која сам ја евидентира во процесот на пополнување на електронските податоци ,добива полиса за осигурување,заедно со полисата за осигурување на наведената е-маил адреса се доставуваат важечките Посебни услови за комбинирано осигурување на станови или куќи со предмети во домаќинство и членови на семејство .

4.Во случај на интернет продажба на осигурување полисата за осигурување содржи електронски потпис од овластено лице на СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
како осигурувач.

5. Во случај на интернет продажба договорот за осигурување е ништовен ако во моментот на неговото склучување веќе настанал осигурениот случај,или тој бил во настанување или било извесно дека ке настапи или ако веќе тогаш престанала можноста тој да настане.

0006.Ако договарачот на осигурувањње намерно направил неточна пријава или намерно премолчил некоја околност од таква природа што осигурувачот не би склучил договор ако знаел за вистинската состојба на работите,осигурувачот може да бара поништување на договорот и важат одредбите на член 964 од ЗОО.

0007.Предмет на интернет продажба се осигурување на станови додека куќите за живеење се исклучени од ваквиот начин на договарање и осигурувачот има право да постапува согласно член 964 од ЗОО.

8.Согласно член 959 од Законот за облигациони односи договорниот однос од осигурувањето настапува со самото плаќање на премијата за осигурување.

**Член 9**

**Премија за осигурување**

Премијата за осигурување се плаќа во договорените рокови.

Во зависност од договорената динамика за плаќање на премијата, на Осигуреникот при пресметка на истата, му се одобрува соодветен попуст дефиниран во Тарифата на премии.

Во случај на интернет продажба плаќањето на премијата се врши пред да биде издадена полисата за осигурување.

**Член 10**

Премијата за осигурување може да се плати на
следниот начин а по избор на осигуреникот:

1. Со уплата на шалтер во банка или пошта
2. Со кредитна и дебитна картица преку соодветен терминал.
3. Со траен налог.
4. На шалтер - благајна кај осигурувачот

Доколку осигуреникот договори плаќање на премијата со траен налог, го остварува правото на попуст по основ на еднократно - годишно плаќање на премијата во склад со Тарифата.

Премијата се плаќа во денари.

**Член 11**

Договори со неодреден рок на траење

При договарање на осигурување со неодреден рок на траење, на договарачот на осигурувањето може да му се одобри попуст на премијата во склад со Тарифата за осигурување.

Во случај на договорување на попуст од предходниот став на овој член, ќе се смета дека договорувачот е во обврска договорот да го одржи на сила најмалку 5 (пет) години

Доколку договорувачот на осигурувањето побара раскинување на договорот пред истекот на рокот од предходниот став од овој член, должен е на Осигурувачот да му го исплати целиот износ од одобрениот попуст на премијата од предходните години а по основ на ставот 1 од овој член.

Износот на одобрените попусти од предходниот став, Осигурувачот ги пресметува на тој начин што, одобрениот попуст на премијата од тековната
година на осигурување во кој договорот се раскинува, се множи со бројот на предходните години од траењето на договорот за осигурување.

Износот на одобрениот попуст осигуреникот е должен да го плати во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на пресметката на износот од одобрените попусти.

**ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

**Член 12**

**Обем на опасност од пожар**

Како пожар, во смисла на овие Услови, се смета оган настанат вон местото определено за палење и оган кој ова место го напуштил и можел понатаму да се развива со својата сопствена сила.

Не се смета дека настапил пожар и осигурувачот не е во обврска да надомести штета:

1. Ако осигурената ствар е уништена поради изложување на корисен оган или топлина заради обработка или во други цели (на пример: при пеглање, сушење, пржење и сл.) или поради паѓање или фрлање во огниште (печка, шпорет и сл.);
2. Ако на осигурената ствар настане штета со осмадување, опрлување или со прегорување од цигари, пура, справа за осветление, електричен

греач, жар и сл.;
3. Ако настане штета на осигурена ствар поради самозапалување, вриеење или загревање, варење, димење и сл.
4. Ако бидат уништени или оштетени осигурени електрични машини, апарати (вклучувајќи апарати за готвење, пеглање, греење, кревети, радиоапарати, телевизиски приемници, лампи, сијалици и сл.) или електрични водови поради дејство на електрична енергија, пренапон или загревање поради преоптоварување, атмосферско влијание и слични појави поради тоа што таквите штети се сметаат за погонски. Меѓутоа, опфатени се и штети од пожар кој би настанал од дејство на електрична енергија и кој после престанувањето на тоа дејство самостојно се развивал;
5. Ако поради пренапон или прејака струја бидат оштетени заштитните осигурувачи било од кој вид, заштитни прекинувачи, одводници, громобрани и слични уреди во вршење на нивната нормална функција.

**Член 13**

**Обем на опасност од удар на гром**

Осигурувањето од опасност од удар на гром, во смисла на овие Услови, ги покрива штетите на осигурените ствари предизвикани од дејство на сила или топлина на гром.
Со осигурувањето не се опфатени штети предизвикани со пренесување на електрична енергија преку водови како последица на удар од гром.

**Член 14**

**Обем на опасност од експлозија**

Како експлозија, во смисла на овие Услови, се смета ненадејно пројавување на сила заснована на тежнение на пареа или гасови за проширување.
Експлозија на садови (казани, цевки, печки и сл.) постои само тогаш кога ѕидовите на садот се во толкава мерка искинати што настанува моментно изедначување на внатрешниот и надворешниот притисок.
Со осигурувањето не се опфатени штетите:
1. Што се последица на намалување на притисокот во садот (имплозија);
2. На стварите на осигуреникот предизвикани од минирања што се вршат во рамките на неговата дејност или во рамките на дозволената дејност на трети лица.
3. Од експлозија од биолошки карактер;
4. Од нуклеарна експлозија;
5. Поради експлозивно издувување на печки и слични уреди;
6. Од експлозија поради дотраеност, појава на истрошеност или стареење, макар и прерано, или од прекумерна наслага на ,рѓа, каменец, талог, тиња на осигурените ствари, но се исплатува надоместок во случај на штета на други ствари во врска со настанатата експлозија.
7. Од експлозија настаната како последицаод било какво експлозивно тело, направа или уред (бомба, мина, експлозив, муниција).

**Член 15**

**Обем на опасност од луња**

Како луња, во смисла на овие Услови, се смета ветер со јачина од 17,2 метри
во секунда, односно 62 км. на час (јачина од 8 степени по Бофоровата скала) или повеќе.
Ќе се смета дека дувал ветер од оваа јачина во крајот каде се наоѓаат осигурените ствари, ако ветерот кршел гранки и стебла или оштетил добро
одржувани градежни објекти. Во случај на сомневање осигуреникот мора да ја докаже јачината на ветерот со извештај од Хидрометеоролошката служба. Штетите од луња се опфатени со осигурувањето само ако се предизвикани механички оштетувања на осигурените предмети:
1. Со непосредно дејство на луњата;
2. Со директен удар на соборени или носени предмети од луњата.
Со осигурувањето од луња не се опфатени штетите:
1. Од навлегување на дожд, град, снег или други наноси низ отворен прозорец или други отвори што постојат во станот односно зградата или се настанати поради лоша конструкција, неквалитетно изведени работи на градежната столарија, освен ако отворите настанале од луња, како и штети од дожд и други врнежи на стварите за домаќинството на слободен простор или во коли за превоз на ствари или преселување.
2. На ствари во градежен објект кој не бил изграден според вообичаениот начин на градење во тоа место или кој е слабо одржуван или е дотраен.

**Член 16**

**Обем на опасност од град**

Со осигурувањето се опфатени штетите од уништување, односно оштетување на осигурените ствари што се предизвикани од ударот на градот.
Опфатени се и штети од навлегување на град и дожд низ отвори настанати од паѓање на град.
Не се осигурани предмети во домаќинството кои се оштетени додека се наоѓале на отворено.

**Член 17**

**Удар од сопствено мотоно возило во осигуран објект**

Со осигурувањето се опфаети штети на осигураниот градежен објект кои ќе настанат при удар со сопствено моторно возило.
Со осигурувањето се опфатени и штети и на други осигурани ствари, како последица на рушење на градежниот објект или дел од објектот поради удар од моторно возило во смисла на предходниот став.
Член 18
Обен на опасност од паѓање на воздушно летало
1. Под паѓање на воздушно летало, во смисла на овие Услови, се смета паѓање на воздушно летало било од кој вид врз осигурени предмети.
2. Се смета дека настапил осигурен случај паѓање на воздушно летало, ако со непосреден удар на воздушното летало или од неговите делови, како и од предмети од воздушното летало, се уништи или оштети осигурената ствар.

**Член 19**

**Обем на опасност од манифестација и демонстрација**

1. Под манифестација и демонстрација, во смисла на овие Услови, се смета организирано или спонтано јавно манифестирање на нерасположение на група граѓани која не е поголема од 100 луѓе;
2. Се смета дека настапил осигурен случај манифестација или демонстрација ако осигурената ствар е уништена било на кој да е начин на делување на манифестантите, односно демонстрантите (рушење, демолирање, разбивање, палење и др.).
Со осигурувањето не се опфатени штети кои ќе настанат на осигураните предмети со делување на манифестантите и демонстрантите, доколку јавното прикажување на нивното расположение има за цел симнување на постоечката власт и превземење на власта или е вперено против власта или попримило карактер на такво и толкаво загрозување на јавниот ред и мир, животот, здравјето и имотот на луѓето и функционирање на комуналниот систем, да прети да се претвори во метеж и вознемирување или протести и побуна.

**Член 20**

**Обем на опасност од поплава, порој и високи води**

Поплава, во смисла на овие Услови, се смета стихијно неочекувано плавење на терен од постојани води (реки, езера и др.) поради тоа што водата се излила од коритото или провалила одбрамбени насипи или брани, како и излевање на вода поради бранови со невообичаена сила.
Со осигурувањето од поплава се опфатени само штетите предизвикани на осигурени ствари за време додека поплавата трае и непосредно после повлекувањето на водата.
Порој се смета стехијно неочекувано плавење на терени од водена маса која се образува на низбрдни терени поради силни атмосферски врнежи и се слива на улици и патишта.

**Член 21**

Со осигурувањето од опасностите наведени во предходниот член, опфатени се само штети предизвикани на осигураниот објект и стварите во домаќинството за време додека овие опасности траат и непосредно после повлекувањето на водата.
Со осигурувањето не се опфатени штети од:
1. Габички поради влага;

2. Плавење поради излевање вода од олуци и цевки за одвод на дождовница;
3. Од поплавување со изливање на вода од канализациона мрежа, освен ако до изливањето дошло поради наведените опасности од член 20 од овие Услови;
4. Од поплава со излевање на вода од олуци цевки за одвод на дождовница;
5. На осигурани ствари кои се наоѓаат во живи и суви корита на потоци и реки како и на простор помеѓу потоци односно реки и насипи.

**Член 22**

**Обем на опасност од лизгање и одронување на земјиштето**

1. Под лизгање на земјиште, во смисла на овие услови, се сметаат ненадејни движења на земјишната површина на коси терени со јасни манифестации на расцепување на површината на земјиштето и срозување кои, со појава на силни деформации и пукнатини на градежните објетки, настануваат во краток временски период.
2. Под одронување, во смисла на овие услови, се смета откинување и паѓање на материјалот како геолошка појава, или во врска со лизгањето на теренот.
3. Се смета дека настапил осигурениот случај доколку деформациите, оштетувањата или уништувањата на осигурениот предмет настанале поради движење на земјиштето, притисок или удар на земјишниот материјал.
4. Со осигурувањето не се опфатени штетите:
1. На осигурениот предмет кои настанале пред или во моментот на склучувањето на осигурувањето;
2. На осигурениот предмет доколку лизгањето на земјиштето или одронувањето се предизвикани со дејноста на осигуреникот или со дејноста на било кое лице;
3. Со осигурувањето не се опфатени трошоците за санирањето на земјиштето.

**Член 23**

**Обем на опасност од поплава од внатрешни инсталации**

Со остварување на ризикот од овој член, покриени се штети настанати на градежниот објект и осигураните ствари додека се наоѓаат во станот или куќата.
Излевање на вода од водоводни и канализациони цевки во смисла на овие Услови се смета:
1. Неочекувано излевање на вода од водоводни и канализациони цевки како и од уреди за греење на простории со топла вода и пареа, поради кршење или прскање на тие цевки,односно уреди;
2. Неочекувано излевање на вода или пареа од уредите за топла вода или парно грење поради кршење, или прскање цевки, односно грејни тела (радијатори).
Штети настанати од заедничките инсталации во станбените објекти и настанати од неосигурен стан, се надоместува на носителот на полисата.
Со осигурувањето не се опфатени штети:
1. Од излевање на вода од апарати и уреди кои се приклучени на водоводната мрежа (машини за перење на алишта, машини за миење на садови, од дотрајани казани, бојлери и сл.);
2. Од излевање на вода од отворени славини;
3. Од габички поради влага;
4. Загуба на вода;
5. Прскање на цевки поради мраз (замрзнување) настанато на самите водоводни и канализациони цевки и уреди.
6. Настанати како последица на неодржување на водоводната и канализационата мрежа, уреди за греење со топла вода и парно греење, како и непреземање мерки за заштита од мраз од страна на осигуреникот.
7. Настанати од оштетување при манипулација врз инсталациите, замена на вентили, одзатнување и сл., од нестручни лица.
8. Поради излив на вода од жлебовите на цевки и олуци за одвод на дождовница.

**Член 24**

**Обем на опасности од кршење на инсталации**

Со осигурување на механичката опрема како составен дел на градежниот објект од опасност кршење на инсталации, покриени се штети на сите инсталации кои се вградени во градежниои објект (ел.енргија, водоводна и канализациона мрежа, централно греење).
Со осигурувањето се дава осигурителна заштита од оштетување или уништување на осигураните ствари поради незгода, под која се подразбира настани кои се случуваат непредвидено и ненадејно во врска со користењето на осигурените ствари освен:
1. Поради недостатоци или грешки кои што постоеле во моментот на склучување на осигурувањето а овие недостатоци или грешки биле или морале да му бидат познати на осигуреникот.
2. Не посредни последици од оксидација, стареење, корозија поради не одржување на инсталациите (доколку се достапни за одржување)
3. Оптеретување или напрегање на вградените инсталации и вградената опрема преку границата на нивниот пропишан капацитет.
4. Смрзнување на инсталациите
5. Повреда на законските и техничките прописи и правила на техничката експлоатација на осигураните ствари и заштитните мерки.
Осигурувачот исто така не е во обврска:
1. За посредни штети во врска со осигураниот случај: загуба на заработувачка, денгуба, казни и сл.
2. За штети за кои според законските прописи или според договор одговара произведувачот, односно испорачателот на предметот.
3. Поголеми трошоци за отклонување на штетата (поправка или замена на осигурената ствар со нова) настанати при направената замена, подобрувања или усовршување, паѓаат на товар на осигуреникот.
Со осигурувањето се опфатени трошоци за поправка на оштетената инсталација и вообичаени трошоци за местото на штетата.

**Член 25**

**Обем на опасност од провална кражба и разбојништво**

По овие Услови за осигурување се дава осигурителна заштита од ризик на извршување или обид за провална кражба или разбојништво, како и обест (вандализам) во текот на извршување на провалната кражба.
Со осигурувањето е покриена штета поради однесување, уништување или оштетување на осигурани предмети, како и штети предизвикани со оштетување на градежните делови на просториите, инсталации и опрема (оштетување на зидови, таван, врати, стакла, брава и тн.) во кои се наоѓале осигураните предмети при извршување и обид за извршување на провална кражба односно разбојништво
Провална кражба , во смисла на овие Услови, се смета кражба ако нејзиниот извршител:
1. Провали во заклучени простории во станот во кој се наоѓаат осигурените ствари со разбивање или обивање на врати и прозорци, односно провалување на таваници, ѕидови и подови;
2. Ја отвори заклучената просторија во станот со лажен клуч или со некое друго средство што не е наменето за редовно отворање со што е оставена трага со која со сигурност може да се утврди провала.
3. Провали во заклучено сместувалиште во станот во кој се наоѓаат ствари, ако до сместувалиштето дошол со едно од дејствијата кои по одредбите на овој член се квалификувани како провална кражба ;
4. Незабележано се вовлече во станот или се скрие во него и изврши кражба во време кога станот е заклучен;
5. Ги отвори заклучените простории во станот и сместувалиштето со вистински клучеви или со нивните дупликати, доколку до клучевите дошол со едно од дејствијата наведени во точка 1), 2), 3), 4) и 6) од овој член.
6. Влезе во заклучени простории во станот преку отворот кој не е за тоа определен совладувајќи пречки што оневозможуваат влегување без напор.
За провална кражба се смета кражба на ствари на балкони и лоѓи како и од станови на катови со скокање низ отворен прозор на катовите.
Не се смета за провална кражба во смисла на овие Услови:
1. Влегување низ отворен прозорец во ниско приземје (чија висина е

помала 3,5 м., сметајќи од земјата до долниот раб на прозорецот);
2. Ако провалната кражба ја извршило лице кое живее со осигуреникот во заедничко семејно домаќинство или во кражбата учествувало како соизвршител или соучесник.

**Член 26**

**Обем на опасност од разбојништво**

Разбојништво во смисла на овие Услови, се смета одземање на осигурени ствари со примена на сила или застрашување по животот или здравјето на осигуреникот или членовите на неговото семејно домаќинство.

**Член 27**

**Обем на опасност од кршење стакло**

Осигурувањето покрива штети од кршење на стакло од прозорци и врати на осигурениковиот стан или куќа.
Осигурувањето ги покрива и трошоците за вадење и повторно местење на предмети кои сметаат при поставувањето на стаклото (пр. заштитна мрежа, заштитна решетка, заштита од сонце)
Осигурувањето не покрива штети кои ќе настанат:
1. При пренесување и местење на осигураното стакло.
2. Поради гребнатини или слични оштетувања на површината на стаклото.

**Член 28**

**Обем на опасност од одговорност**

Со осигурувањето во смисла на овие Услови, покриена е одговорноста на осигуреникот за штети причинети на трети лица кои ги предизвикуваат:
1. Како сопственик - корисник или изнајмувач на стан или приватна станбена куќа, двор како и бавча во куќата;
2. Како работодавач на работници запослени во домаќинството;
3. Работници во домаќинството при обавување куќни работи кои им се доверени;
4. Од настанати ризици опфатени со осигурувањето.

**Член 29**

**Обем на опасност од земјотрес**

Осигурувањето според овие Услови овозможува осигурителна заштита од разорно дејство на земјотрес, кој со својата сила ги оштети или уништи осигураните ствари.
Во смисла на овие Услови, под земјотрес се подразбира поместување на земјиштето предизвикано од природни процеси во земјината кора. Земјотрес со разорно дејство се смета земјотрес со интензитет од 6 (шест) и повеќе степени според скалата на Мерцали-Цонцани-Сиеберг (МЦС скала). Осигурувањето според овие Услови нуди осигурителна заштита за штети од пожар и експлозија настанати како последиза на земјотрес.
Во смисла на овие Услови, сите поместувања на земјиштето, од ист епицентар кои се манифестираат во рок од 72 часа, почнувајќи од прво регистрираното поместување на земјиштето, главниот удар и ударите во фаза на смирување на тлото, се третираат како еден штетен настан.
Степенот на интензитетто на земјотресот на местото на осигурените ствари се цени според последиците од разорувањето дефинирани во МЦС скалата. Во случај кога степенот на интензитетот не може со сигурност да се оцени, осигурувачот е во обврска да обезбеди доказ од надлежна институција (Сеизмолошки завод на Р. Македонија)
Со осигурувањето по овие Услови опфатени се штети од уништување или конструктивно оштетување на осигураните ствари.Под конструктивно оштетување на осигураните предмети се смета деформација, пукнатина, кршење на пооделни витални делови на објектот, уреди, инсталации и сл. без кои објектот, уредите, инсталациите и сл. не можат да се стават во предвидена функција и безбедно да се користат.
Со осигурувањето по овие Услови опфатени се последични штети на осигураните ствари поради изливање на течности и гас од инсталации оштетени од земјотресот.
Со осигурувањето по овие Услови не се надокнадуваат:
1. Нарушување на естетскиот изглед на осигураниот предмет.
2. Центрирање, испитување и пуштање во работа на уреди кај кои не настанало оштетување на виталните делови.
3. Испитување и пуштање во работа на инсталации од сите видови.
4. Кршење на стакло од сите видови.
5. Санирање на пукнатитни земјени објекти кои не ја загрозуваат стабилноста или функционалноста на објектот.
6. Санирање на пукнатини сите делови на градежните објекти кои не влијаат на стабилноста на тој дел или на целиот објект.
7. Санирање на малтерски пукнатини од сите видови.
8. Санирање на пукнатини на керамички и други обложни плочки.
9. Молеро-фарбарски и собосликарски работи на градежните објекти.
10. Штети кои ќе настанат како резултат на земјотрес со интензитет испод 6 (шест) степени по МЦС скалата.
11. Штети кои се предизвикани со човечка активност како експлозија од конвенционална и нуклеарна направа.
12. Штети кои се предизвикани од потреси кои се предизвикани во рудници.
13. Штети кои се предизвикани со загадување на објектите од некј опасен материјал кој е испуштен или како и трошоци за деконтаминација.
14. Штети кои се предизвикани со дејство нуклеарна енергија и радиоактивна контаминација.
15. Штети кои се јавиле на фрески, мозици и други украсни додатоци на објектот.
16. Трошоци за спасување на имотот и поправки.
17. Индиректни штети.

**Член 30**

**Осигурување на членови на домаќинството** од последици на несреќен случај

Во смисла на овие Услови, можат да се осигураат членовите на домаќинството од раѓање до навршени 70 години од последици на несреќен случај.
Со осигурувањето мораат да бидат опфатени сите членови кои ги исполнуваат предходно наведените услови.
Под домаќинство се подразбира секое семејство или друга заедница од најмалку два члена кои живеат во заеднички станбен простор. Членови на домаќинството се сметаат брачен другар, деца, и останати членови во заедничко домаќинство како и лица кои повремено стануваат во друго место ( поради школување, служба, лица на привремена работа и тн.).

**Член 31**

**Начин на склучување на осигурување**

Осигурувањето се склучува на исти осигурани суми за сите членови на домаќинството. Ако во текот на траењето на договорот за осигурување дојде
до зголемување на бројот на членовите на осигуранот домаќинство кои ги исполнуваат условите за осигурување по овие Услови, договорувачот на осигурувањето е обврзан да за секој таков член веднаш договори осигурување. Осигурувачот, по добивање на писмено известување за пристапување на новопримен член ќе изготви анекс на договорот за осигурување и пресмета додатна премија до истекот на тековната година на осигурување по принцип на про рата темпорис.
Обврската на осигурувачот да исплати надокнада од осигурувањето за новиот член на домаќинството започнува со истекот на 24 часот од денот кога е уплатена додатната премија.
За лице кое престанува да биде член на осигураното домаќинство (брак, развод и т.н) во текот на траењето на осигурувањето, осигурувањето важи до истекот на тековната година на осигурување.

**Член 32**

По овие Услови осигурувачот нуди осигурително покритие од последици на несреќен случај и тоа за:
1. Смрт од несреќен случај.
2. Траен инвалидитет поради несреќен случај.

**Член 33**

**Смрт од последици на несреќен случај**

Доколку поради несреќен случај настапи смрт на осигуреникот, Осигурувачот, по добивање на потребната документација која ја докажува

смртта од несреќен случај, ќе ја исплати договорента осигурана сума на наследниците.

**Член 34**

**Траен инвалидитет поради несреќен случај**

Траен инвалидитет претставува траен губиток на телесната (општа работна) способност настаната како последица на несреќен случај. Степенот на трајниот инвалидитет се утврдува врз основа на Табела за инвалидитет за утврдување на трајниот губиток на општата работна способност поради несреќен случај.

Во зависност од утврдениот процент на траен инвалидитет и договорениот обем на покритие, осигурувачот ќе исплати процент од договорената осигурана сума наведена во полисата за осигурување на лица од последици на несреќен случај.

**Член 35**

За несреќен случај се смета секој ненадеен и од вољата на осигуреникот не зависен настан, кој делувајќи воглавно однадвор и нагло врз телотот на осигуреникот, има за последица негова смрт, целосен или делумен инвалидитет или нарушување на здравјето кое има потреба од лекарска помош.

Во смисла на прдходниот став, за несреќен случај се сметаат следните случаи: прегазување, судар, удар од електрична струја или гром, паѓање, клизнување, срушување, ранување со оружје или со разни други предмети или со експлозивни материи, убод со некој предмет или каснување од некое животно.

За несреќен случај се смета и:

(а) труење со храна или со хемииски средства, со исклучок на професионални заболувања;

(б) труење поради удишување на гасови или отровни испарувања, со исклучок на професионални заболувања;

(в) инфекција од повреда предизвикана поради несреќен случај;

(г) изгоретини од оган или електрицитет, од жешки предмети течности или пареа, киселина и сл.;

(д) давење или потопување;

(ѓ) гушење или задушување поради затрупување (земја, песок и с.)

(е) убод од инсекти, со исклучок ако со таквиот убод е предизвикана некоја инфективна болест;

(ж) истегнување на мускули, ишчашување, скршеници на здрави коски кои

настануваат поради нагли телесни движења или ненадејни напрегнувања - ако настанале поради непредвидени надворешни настани и непосредно после повредата констатирана во болница или во здравствена установа;

(з) делување на светлост од сончеви зраци, температура или поради лошо време ако осигуреникот на таквото делување бил изложен поради несреќен случај кој непосредно пред тоа се случил, поради спасување на човечки живот, поради билокакви околности кои не би можел да ги спречи;

(ѕ) делување на рентгенско и радиумско зрачење ако настапи нагло и ненадејно, со исклучок на професионално заболување.

Во смисла на овие Услови за несреќен случај не се смета:

1. Сите обични или професионални болести;
2. Болести настанати поради психички влијанија;
3. Стомачни кили, кили на папокот, водени и останати кили, со исклучок на оние кои настанале поради директно оштетување на стомачниот зид под непосредно делување надворешна механичка сила, доколку после повредата покрај хернија болнички биде констатирано и повреда на меките делови на стомачниот зид во тој дел;
4. Инфекции и заболувања кои настануваат поради разни облици на алергии, поради сечење и паѓање на жуљеви и други израстоци на тврда кожа;
5. Анафилактички шок, со исклучок ако настане поради при лечење поради несреќен случај;
6. Херниа дисци интервертебралис, освен кога ќе настане како последица на повреда, сите врсти на лумбага, дископатија, сакралгија, миофасцитис, концигидинија, ишијалгија, фиброзитис и сите измени на лумбално-крсниот сегмент кои се назначени со аналогни термини;
7. Поради одлепување на мрежицата (аблатио ретине) освен кога ќе настане после непосредна повреда на здраво око констатирано во болница;
8. Последици кои ќе настанат поради делириум тременс и делување на дрога;
9. Последица на медицински, посебно операции кои се превземаат поради лечење или спречување на болест, освен ако до тие последици дошло поради докажана грешка на медицинскиот персонал (витиум артис);
10. Патолошки промени на коските и патолошки епифизиолизи;
11. Системски мускулаторни болести и ендокрини болести.

**Член 36**

**Исклучување на обврските на осигурувачот**

Исклучени се обврските на Осигурувачот по овие Услови:

1. Ако осигуреникот изврши самоубиство;
2. Ако смртта на осигуреникот настапи со извршување на смртна казна;
3. Ако смртта на осигуреникот настапи поради земјотрес;
4. Ако смртта на осигуреникот настапи поради воени дејствија.

**Член 37**

**Обем на опасност од приватна одговорност**

Покриена е одговорноста на осигуреникот за штети причинети на трети лица вон објектот, кои ќе ги предизвика осигуреникот:

1. Во својство на приватно лице во секојдневниот живот (со исклучок при вршење на занаетчиска или друга дејност на домашен туризам
2. Децата на осигуреникот, брачниот другар и роднина, ако тие лица живеат во заедничко домаќинство со осигуреникот.
3. Домашни миленици, освен ако ги употребува за стопански цели. Со осигурувањето не е покриена одговорноста:

1. За намерно предизвикана штета, од страна на лица наведени во став 1 и 2 од овој член,
2. За штети од сопственост и употреба на моторни и останати возила на моторен погон и како и летачки објекти.
3. За штети кои ќе ги претрпат лица на кои што одговорноста е покриена со ова осигурување,
4. За штета предизвикана на осигураниот објект и предмети

**Член 38**

**Обврски на осигуреникот**

Осигуреникот е должен да:

1. Премијата за осигурување да ја плаќа во доспеаните рокови.

Ако договорувачот на осигурувањето доспеаната премија после зклучувањето на договорот не ја плати до договорениот рок, ниту тоа го стори некое друго заинтересирано лице, договорот за осигурување престанува да важи по самиот закон, по истекот на триесет дена од денот кога на договорувачот на осигурувањето му е врачено препорачано писмо од осигурувачот со известување за доспеаноста на премијата. При тоа наведениот рок не може да истече пред да истечат триесет дена од денот на доспеаноста на премијата.

2. Штетите предизвикани од пожар, експлозија и провална кражба и разбојништво, веднаш да ги пријави кај надлежен орган за внатрешни работи (МВР) и поднесе пријава за штетата кај осигурувачот веднаш, а најкасно во рок од три дена од денот на настанување на штетата.
3. На осигурувачот да му достави докази потебни за утврдување на причината обемот и висината на штетата.

Осигуреникот не смее да ја менува состојбата на оштетените односно уништените ствари до доаѓањето на преставници на осигурувачот.

4. Договорувачот,осигуреникот,корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови.

Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да

даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преуранета и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот .

**Член 39**

**Обврски на осигурувачот**

Осигурувачот е во обврска да:

1. Веднаш, а најкасно во рок од 3 дена од денот на пријавување на штетата, да пристапи кон утврдување и процена на штетата.
2. Во законскиот рок да исплати надокнада на штетата причинета со настанување на осигураниот случај регулиран со овие Услови.

**Член 40**

**Сума на осигурување**

Вредноста на осигураните ствари претставува:

1. За градежните објекти - цената за изградба на нов објект според цените во местото каде се наоѓа објектот;
2. За вообичаени ствари во домаќинството - нивната стварна вредност.

Сумата на осигурување за градежниот објект и предметите во домаќинството од ризикот излевање на вода од инсталации се договара на лимитиран износ.

Сума на осигурување и осигурани ствари:

1. Сумата на осигурување за осигурување на предмети во домаќинството од провална кражба и разбојништво е од 10% до 50% од сумата на осигурување на градежниот објект.
2. Сумата на осигурување за осигурување на крш стакло е 2% до 10% од вредноста на градежниот објект.
3. Сумата на осигурување за осигурување од крш на механичка опрема во состав на градежниот објект - инсталации е од 2% до 10% од вредноста на градежниот објект.
4. Сумата на осигурување за ризикот одговорност према трети лица е 5% до 15 % од сумата на осигурување на градежниот објект.
5. Сумата на осигурување до 1.500 Евра за готови пари, хартии од вредност, скапоцени камења, благородни метали, вистински бисери и сл. доколку се наоѓаат во посебни сместувалишта наметени за таа цел (зазидан сеф или метална каса зазидана во објектот)
6. Сумата на осигурување за уметнички антички и сл. предмети како и разни збирки, изнесува до 500 Евра без да се земе во предвид нивната уметничка или античка вредност.

Доколку таксативно се наведат овие предмети поединечно а процена на вредноста за истите ја утвди вештак, овие предмети можат да се осигураат на нивната стварна вредност.

Сума на осигурување за помошни објекти:

1. Помошни простории како што се подрум или таван, во објекти со повеќе станбени единици а кои припаѓаат на станот, вклучени се во осигурување преку сумата на осигурување за станбениот објект.

Во овие објекти не спаѓаат семејни куќи со повеќе станбени единици. Кога се осигуруваат семејни куќи, мора да се осигура целокупната површина на објектот или дефинирана површина според имотен лист по сопственик - осигуреник.

2. Предмети во подрум или таван, се осигурани без плаќање на дополнителна премија, до сума на осигурување од 200еур.Не е дозвоелно посебно договарање.
3. Помошни објекти и гаражи вон станбениот објект вклучени се во осигурување, само ако нивната површина е вклучена во пресметката премијата.Пресметка на градежните вредности на помошните објекти се врши за секој објект посебно.
4. Предметите во помошните објекти и гаражите, вон станбениот објект, се утврдуваат за секој објект посебно.
5. Доколку гаражата е во состав на куќата, во пресметка се зема целокупната површина и се утврдува единствена сума на осигурување за објектот и единствена сума на осигурување за предмети во домаќинството а не по простории на објектот.

Максимална висина на покритие за опасност од поплава порој и високи води е на прв ризик до 5% од сумата на осигурување за градежниот објект и предметите во домаќинството и се однесува за штети и на објектот и на предметите од полисата. Доколку посебно се договори, ќе се вклучи ризикот лизгање и одронување на земјиште на максимално покритие на прв ризик до 5% од сумата на осигурување за градежниот објект.Висината на ова покритие се однесува за објектот и за предметите во домаќинството од полисата.

**Член 41**

**Утврдување на надокнада од осигурувањето**

Надокнада од осигурувањето се утврдува во висина на стварната штета за секој предмет поединечено, но најмногу до висината на сумата на осигурување дефинирана во Член 40 од овие Услови и тоа:

Во случај на уништување - тотална штета:

1. Во случај на уништување на станот, до сумата на осигурување во смисла на член 40 од овие Услови намалена за износот на проценетата амортизација и вредноста на остатоците;

1.1.За предметите во градежниот објект - во случај на уништување и нестанување на стварите, новонабавната цена на предметите во моментот на настанувањето на осигураниот случај, намалена за економската и техничката амортизација и за пресметаната вредност на остатоците, а најмногу до договорента сума на осигурување. Ако осигуреникот не може да ја докаже нивната вредност (старост) на осигуреникот ќе му се надокнади најмногу 50% набавната вредност на на нови предмети.

2. Во случај на оштетување

2.1.За градежните објекти - во висина на трошоците за доведување на објектот во првобитна состојба по цени на градежни материјали и работна рака кои што важат во моментот местото на настанување на штетата намалени за вредноста на остатоците на градежните објекти

2.2.За предмети во градежните објекти - во висина на трошоците за поправка по цени на материјали и работна рака во време и место на настанување на штетата намалени за висината на амортизацијата и вредноста на остатоците.

3. Во случај на оштетување на градежниот објект при провална кражба, и разбојништво или обид за провална кражба и разбојништво, осигурувачот е во обврска да ја надокнади настанатата штета во висина на трошоците за поправка, но најмногу до 1% од сумата на осигурување за осигураните предмети на домаќинството на полна вредност, односно до 10% од сумата на осигурување за осигурување на стварите на прв ризик.
4. Надокнада во случај на штети од крш на инсталации, провална кражба и разбојништво, земјотрес и одговорност се намалува за договорена одбитна франшиза од висината на штетата.
5. Остатоците од уништените предмети - ствари (вредност на остатоците) му остануваат на осигуреникот и се пресметуваат по пазарни вредности во време на настанување на осигураниот случај.
6. Поголеми трошоци за поправка настанти поради направени измени и подобрувања, паѓаат на терет на осигуреникот.

Максималната обврска на осигурувачот е стварниот износ на штетата, а најмногу до висината на договорента сума на осигурување или сумата на прв ризик по штетен настан. Сумите на осигурување се договараат во денарска вредност.

**Член 42**

**Подосигурување**

Ако по настанувањето на осигураниот случај се утврди, дека на почетокот на договорениот осигурителен период, вредноста на градежниот објект била поголема од сумата на осигурување, поради пријавена помала квадратура, износот за надокнада кој што осигурувачот го должи, пропорционална ќе се намали (начело на пропрција)

Одредбите за подосигурување не важат за осигураните предмети во домаќинството и кога е договорено покритие на прв ризик.

**Член 43**

**Постапка со украдените, пронајдени предмети**

Доколку осигуреникот на било кој начин дознае каде се наоѓаат украдените предмети, должен е веднаш со учество на надлежен орган, да стори се што е потребно за да ја утврди истоветноста на тие премдети, што побгу да ги

добие и за тоа да го извести Оигурувачот.
Ако осигуреникот веќе добил одштета, пред да дознае каде се наоѓаат украдените предмети, може ако се пронајдени да ги задржи за себе, но мора на осигурувачот да му ја врати примената одштета за пронајдените не оштетени предмети.

**Член 44**

Правна ситуација по настанување на осигураниот случај
По настанување на осигуран случај, осигурувањето престанува да важи доколку на осигуаниот предмет настанала тотална штета.

**Член 45**

Примена на Условите и законските прописи Доколку не се во спротивност со овие Услови, на договорите за осигурување заклучени по овие Услови, се применуваат и:
- Општите Услови за осигурување на имот
- Општите Услови за осигурување од последици на несреќен случај
- Општите Услови за осигурување од одговорност
- Законот за облигациони односи

**Член 46**

Овие Услови можат да бидат менувани или дополнувани на начин и постапка по кои се и донесени, со предходно добиено мислење од овластен актуар и АСО.
За измените и дополнувањата на овие Услови за осигурување, се известува договорувачот на осигурувањето во склад со Законот.

**Член 47**

**Надлежност во случај на спор**

Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот,осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.

**Член 48**

**Завршни одредби**

1. Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека друштвото за осигурување не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до
1. Организационата единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување ( комисија за постапување по преставки)
2. Службата за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
3. Организацијата за заштита на потрошувачи и
4. Агенцијата за супервизија на осигурување.

Друштвото за осигурување преку воспоставен систем и интерни процедури одлучува по поднесените преставки во рок од 30 дена од денот на поднесување на преставката
Друштвото води регистар на доставени и решени преставки и за истите во законските рокови е должно да ја известува Агенцијата за супервизија на осигурувањето.
За сето она што не е регулирано со овие Општи услови, Законот за супервизија на осигурување и Законот за заштите на потрошувачите важат одредбите на Законот за облигациони односи